Машински факултет
Број 02-1476/1
28.10.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во врска со примената и крајните рокови за завршување на студиските програми воведени во учебната 2012/2013 година, на предлог на Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 17-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 28 октомври 2021 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за организирање вонреден испитен термин за предмети од втора година на студии на студиските програми воведени во 2012/2013 година

1. Со оваа одлука се уредува правото на полагање на заостанати предмети од втора година на студии за студентите кои студираат на четиригодишните студиски програми на прв циклус студии на Факултетот воведени во учебната 2012/2013 година.

2. На студентите од точка 1 на оваа одлука им се дава право да полагаат најмногу два заостанати предмети од втора година на студии за да го задоволат условот за ликвидирана втора година на студии, како дел од условот кој им недостасува за да ги продолжат и завршат студиите на студиските програми на кои се запишале.

3. Студентите правото да полагаат најмногу два предмети од втора година на студии ќе го остварат доколку:
- во учебната 2019/2020 година имаат потпис по двата заостанати предмети од втора година на студии и
- во учебната 2020/2021 година имаат статус на студент (запишале и зимски и летен семестар).

4. Вонреден испитен термин ќе се организира само за наставните предмети за кои студентите ќе поднесат пријави за испит во Студентската служба на Факултетот **во периодот 10 - 12 ноември 2021 година**.

5. Испитите по предметите од точка 4 на оваа одлука ќе се **спроведат во периодот 16 - 19 ноември 2021 година**.

6. Студентите пријавувањето и полагањето на испитите во вонредниот испитен термин го вршат без плаќање надоместок.

7. Испитите во вонредниот испитен термин ќе се полагаат **со физичко присуство или on-line преку платформата Microsof Teams**, како што ќе одлучи предметниот наставник и според **распоредот за испити** што ќе се објави на **15 ноември 2021 година**.

8. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, web страна, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев, с.р.